# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за ѓубрињa („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНА ИЛИ ТРАЈНА ЗАБРАНА НА ПРОИЗВОДСТВО И ПЛАСИРАЊЕ НА ЃУБРЕТО НА ПАЗАР ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРОЦЕНКАТА НА РИЗИКОТ ОД ЃУБРЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО, ЖИВОТНИТЕ, РАСТЕНИЈАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*) 1

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на мерките за привремена или трајна забрана на производство и пласирање на ѓубрето на пазар во зависност од проценката на ризикот од ѓубрето за здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина.

## Член 2

Мерката за привремена забрана на производство и пласирање на ѓубрето на пазар се спроведува од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на државниот фитосанитарен инспектор доколку се констатира дека:

1. Производниот процес не ги исполнува условите предвидени со технологијата за производство на ѓубрињa;
2. Има отстапувања во промена на својствата на ѓубрето како на пример, промена на бојата, на конзистенцијата, хигроскопноста и сл.;
3. Во производниот процес се појавуваат недостатоци (испарување на штетни материи, опасност од експлозија, опасност од самозапалување) кои преставуваат ризик по здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина;
4. Инволвираните во производниот процес каде се врши производство на ѓубрињa не се обезбедени со ХТЗ - опрема;
5. Стручниот кадар кој врши производство нема соодветно образование;
6. Производните простории не ги исполнуваат условите за производство на ѓубре, со што преставува ризик по здравјето на вработените;
7. Средството за транспорт не одговара на прописите за превоз на ѓубре кое преставува опасност и ризик за здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина; и
8. Се врши пласирање на ѓубрето на пазар, спротивно на условите што ги пропишал производителот односно:

- ѓубрето нема соодветна декларација;
- променета е оригиналната амбалажа и е извршено препакување или преетикетирање;
- оригиналната амбалажа е оштетена, има истекување на ѓубрето, што преставува ризик и го загрозува здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина; и
- стручниот кадар кој врши пласирање на ѓубрето на пазарот нема соодветно образование.

## Член 3

Мерката трајна забрана на производство и пласирање на ѓубрето на пазар се спроведува од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по предлог на државниот фитосанитарен инспектор кој констатирал неправилности при производство и пласирање на

ѓубрива на пазар поврзани со ризик за здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина доколку се констатира дека:
- производниот процес не ги исполнува условите предвидени со технологијата за производство на ѓубрива;
- не се исполнети стандардите на Европската Унија во однос на квалитетот (ISO-стандардите) и безбедноста (HASAAP-стандардите);
- има отстапувања во производствениот процес кои можат да доведат до промена на квалитативните својства на ѓубрето;
- се врши пласирање на ѓубрето на пазарот, спротивно на условите што ги пропишал производителот; и
- не се одстранети причините за кои било донесено решение за привремена забрана за производство и пласирање на ѓубривата на пазар во пропишаниот рок.

## Член 4

Мерките за привремена или трајна забрана на производство и пласирање на ѓубривата на пазар заради препакување или преетикетирање на ѓубрето се спроведуваат доколку се констатира дека:
- нема согласност од производителот на ѓубривата за препакување и преетикетирање;
- пакувањата не се оригинални или во согласност со параметрите што ги пропишал производител на ѓубрива;
- етикетата не е оригинална или во согласност со условите што ги пропишал производителот на ѓубрива;
- параметрите наведени на етикетата на препакувањата или преетикетираната пратка не одговараат на оригиналната етикета на производителот на ѓубре; и
- количината не одговара на запишаната количина на етикетата која се наоѓа на препакуваното ѓубре.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-473/3 | Министер за земјоделство, |
| јули 2011 година | шумарство и водостопанство |
| Скопје | **Љупчо Димовски** , с.р. |